# ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ

ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ

ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ

# 20

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ИНДЕКС
# НА РАЦИОНАЛНОСТ

# 20

**Скопје, јануари 2024 година**

**Издавач:**
Центар за граѓански комуникации

**Лектура:**
Татјана Б. Ефтимоска

**Ликовно-графичко обликување:**
Енис Карахасан-Бошковски

**Печати:**
ДатаПонс Скопје

**Тираж:**
200 примероци

**Бесплатен/некомерцијален тираж**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

35.073.53:636.7]:005.584.1(497.7)"2022"

ИНДЕКС на рационалност 20. - Скопје : Центар за граѓански комуникации, 2024. - 30, 30 стр. : табели ; 20 x 20 см
Насл. стр. на припечатениот текст: Index of rationality 20 / translation from macedonian to english Katerina Dimishkovska. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-4974-30-7

1. Index of rationality 20
а) Јавни набавки -- Услуги за кучиња скитници -- Рационално трошење -- Мониторинг -- Македонија -- 2022

COBISS.MK-ID 63102213

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

Индексот на рационалност е изработен во рамките на проектот „Мониторинг на јавните набавки", што го спроведува Центарот за граѓански комуникации, а е финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија.
Содржината на оваа публикација е одговорност на издавачот и на авторите и не ги одразува ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# ИНДЕКС
## НА РАЦИОНАЛНОСТ

20

# СОДРЖИНА


1. ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА ........ 5

2. ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ ........ 7

2.1. Индекс на рационалност за заловување кучиња, транспорт до прифатилиште или амбуланта и враќање во реонот ........ 8

2.2. Индекс на рационалност за еднодневен престој на куче во прифатилиште ........ 12

2.3. Индекс на рационалност за лабораториско испитување на лајшманија ........ 16

2.4. Индекс на рационалност за стерилизација (кастрација) на машки кучиња ........ 20

2.5. Индекс на рационалност за стерилизација (овариохистероктомија) на женски кучиња ........ 24

3. ГЕНЕРАЛЕН ЗАКЛУЧОК ........ 28

# ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА

# 1

Центарот за граѓански комуникации е единствената невладина организација во Република Северна Македонија која спроведува директен и сеопфатен мониторинг на јавните набавки во земјата. Во обид да се придонесе дополнително кон унапредување на состојбите во оваа сфера, Центарот го изработува т.н. индекс на рационалност во трошење на јавните пари. Целта на овој инструмент е да се мери ефикасноста во трошењето на јавните пари, да се откриваат слабите точки во системот и, во крајна линија, да се влијае врз институциите да бидат порационални во трошењето на буџетите кои се полнат со пари од граѓаните.

Индексот на рационалност се изработува преку споредба на цените по коишто различните институции купуваат исти производи, услуги или работи. Фактот што индексот опфаќа ист вид производ, услуга или работа дава можност, освен споредба на цените, да се претстави и различниот однос на државните институции при спроведувањето исти видови јавни набавки.

Индексот е показател за државните институции кој треба да им послужи како основа за подобрување на рационалноста при јавните набавки, односно при трошењето на јавните пари. Со оглед на тоа што просечните цени во индексот претставуваат просек од цените што ги постигнале самите институции и не значи дека тие се реален или пазарен одраз на вредноста, целта на државните институции треба да биде подомаќинско трошење на јавните пари, бидејќи за истите набавки, други институции постигнале поповолни цени на пазарот.

Разликите во цените по кои институциите плаќаат за исти видови производи и услуги упатуваат на потребата од подетални истражувања на пазарот пред објавување на тендерите и усогласување на пристапот на договорните органи кон набавка на исти видови производи.

Во примерокот за изработка на индексот се вклучени сите договорни органи од национално и од локално ниво, што значи од министерства и општини, преку јавни претпријатија и агенции, до училишта и градинки.

Во изработката на индексите на рационалност се користат секундарни извори на податоци, и тоа:

- Електронскиот систем за јавни набавки и
- Барања за слободен пристап до информациите од јавен карактер за информации во однос на техничките карактеристики на предметите на набавка, нивната цена и купените количини.

Значајно е да се напомне дека во индексот на рационалност се објавуваат имињата на договорните органи, но не и имињата на фирмите со кои се склучени договорите (иако се располага и со овие податоци), бидејќи одговорноста за рационално трошење на јавните пари им припаѓа на договорните органи. Ова, секако, не значи дека одговорноста за законско постапување не им припаѓа и на понудувачите. Оттука, имињата на фирмите се споменуваат само во контекст на коментирање одредени наоди од истражувањето

.

# ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ 2

Дваесеттиот индекс на рационалност е изработен за следниве пет видови услуги:

- **Заловување кучиња, транспорт до прифатилиште или амбуланта и враќање во реонот**
- **Еднодневен престој на куче во прифатилиште**
- **Лабораториско испитување на лајшманија**
- **Стерилизација (кастрација) на машки кучиња**
- **Стерилизација (овариохистероктомија) на женски кучиња**

Во изработката на Индексот на рационалност за овие услуги се вклучени 28 институции на локално ниво кои во текот на 2022 година имале ваков вид на набавка.

Целта е, со изработка на индексот на овие пет вида услуги, да се детектираат евентуалните разлики во цените и да им се помогне на договорните органи да ги осознаат движењата на цените за овие производи и во иднина да работат врз подобрување на рационалноста во трошењето на јавните пари.

# 2.1. Индекс на рационалност за заловување кучиња, транспорт до прифатилиште или амбуланта и враќање во реонот

*За услугата за заловување кучиња, транспорт до прифатилиште или амбуланта и враќање во реонот, општините плаќале од 330 до 4.130 денари. Соодносот меѓу најниската и највисоката цена што ја плаќале за оваа услуга изнесува 1 : 12,5, што значи дека највисоката цена, која за оваа услуга ја платила Општина Демир Капија, е за 12,5 пати повисока од цената платена од Општина Росоман. Значајните разлики во цените не можат да се објаснат со описот на услугата во тендерските документации, ниту со применетите постапки за јавни набавки, ниту, пак, со вредноста на склучените договори. Во двете општини (Росоман и Демир Капија) каде што за услугата се платени најниската и највисоката цена била применета транспарентната постапка – „набавка од мала вредност“, а во изборот на најповолната понуда, покрај цената, се вреднувал и рокот за извршување на услугата. Притоа, и кај двете општини, во тендерската постапка учествувал само по еден понудувач и двата договори се склучени во вредност од 236.000 денари. Можноста договорите да се склучат со вака огромни разлики во цените говори дека не е направено претходно истражување на пазарот кое би можело да доведе до реална проценка на комисиите за јавни набавки која цена е нереално ниска, а која е нереално висока во однос на пазарните.*

***Индекс на рационалност за заловување кучиња, транспорт до прифатилиште или амбуланта и враќање во реонот***

| Договорен орган | Цена во денари со ДДВ | Разлика на поединечната цена во однос на просекот |
|---|---|---|
| Општина Росоман | 330 | -393,3 % |
| Општина Центар Жупа | 396 | -311,1 % |
| Општина Гостивар | 402 | -305,0 % |
| Општина Богданци | 500 | -225,6 % |
| Општина Македонски Брод | 708 | -129,9 % |
| Општина Свети Николе | 1.062 | -53,3 % |
| Општина Велес | 1.300 | -25,2 % |
| ЈПКД Комуналец – Гевгелија | 1.416 | -15,0 % |
| Општина Дојран | 1.500 | -8,5 % |
| **ПРОСЕК** | **1.628** | / |
| Општина Крива Паланка | 1.770 | 8,7 % |
| Општина Валандово | 1.770 | 8,7 % |
| Општина Делчево | 1.770 | 8,7 % |
| Општина Кичево | 1.829 | 12,3 % |
| Општина Штип | 2.419 | 48,6 % |
| Општина Старо Нагоричане | 2.832 | 74,0 % |
| Општина Илинден | 3.540 | 117,4 % |
| Општина Демир Капија | 4.130 | 153,7 % |

Во процесот на изработката на индексот на рационалност за заловување кучиња, транспорт до прифатилиште или амбуланта и враќање во реонот, беа земени предвид сите договори склучени во 2022 година каде што беше можно да се обезбеди споредливост на услугата.

Како што може да се види од индексот на рационалност, просечната цена за заловување кучиња, транспорт до прифатилиште или амбуланта и враќање во реонот изнесува 1.628 денари за куче. Притоа, произлегува дека девет институции за услугата платиле цени кои се пониски од просечната,  а осум натпросечно високи цени.

Разликата во цените не може да се објасни со применетите постапки. Имено, сите институции вклучени во изработката на овој индекс спровеле постапки за јавни набавки во согласност со Законот за јавни набавки, односно спровеле т.н. „набавки од мала вредност“, за набавки во вредност пониска од 10.000 евра, и т.н. „поедноставена отворена постапка“, за набавки над 10.000 евра. Описот на услугата секаде е ист. Притоа, од 17 постапки за јавни набавки, во дури 13 била доставена по само една понуда. Имено, по две понуди биле доставени само во постапките за јавни набавки спроведени од страна на Општина Центар Жупа, Општина Гостивар, Општина Кичево и Општина Штип. Во 3 од овие 4 општини цените се во групата на потпросечно ниски. Големите разлики не може да се оправдаат ниту со вредноста на склучените договори.

***Вредност на договорите***

| Договорен орган | Вредност на договорот во денари со вклучен ДДВ | Разлика на поединечната цена во однос на просекот |
|---|---|---|
| Општина Росоман | 236.000 | -393,3 % |
| Општина Центар Жупа | 300.000 | -311,1 % |
| Општина Гостивар | 1.416.000 | -305,0 % |
| Општина Богданци | 354.000 | -225,6 % |
| Општина Македонски Брод | 354.000 | -129,9 % |
| Општина Свети Николе | 357.000 | -53,3 % |
| Општина Велес | 1.200.000 | -25,2 % |
| ЈПКД Комуналец – Гевгелија | 590.000 | -15,0 % |
| Општина Дојран | 200.000 | -8,5 % |
| Општина Крива Паланка | 719.328 | 8,7 % |
| Општина Валандово | 295.000 | 8,7 % |
| Општина Делчево | 590.000 | 8,7 % |
| Општина Кичево | 1.416.000 | 12,3 % |
| Општина Штип | 2.950.000 | 48,6 % |
| Општина Старо Нагоричане | 70.800 | 74,0 % |
| Општина Илинден | 500.000 | 117,4 % |
| Општина Демир Капија | 236.000 | 153,7 % |

Најголемиот договор го има склучено Општина Штип, и тоа во вредност од 2.950.000 денари, а сепак општината е во групата со натпросечно висока цена на услугата.

Воедно, на општините кои склучиле договори со најниска и со највисока цена за услугата (Росоман и Демир Капија), вредноста на договорите им е идентична – по 236.000 денари.

## 2.2. Индекс на рационалност за еднодневен престој на куче во прифатилиште

*За услугата за еднодневен престој на кучиња во прифатилиште, општините плаќале од 236 до 1.770 денари. Соодносот на најниската и највисоката цена со која се склучени договорите за оваа услуга изнесува 1 : 7,5 што значи дека највисоката цена, која за оваа услуга ја платила Општина Македонски Брод, е за 650 % повисока од цената која ја плаќала Општина Свети Николе. Значајните разлики во цените и за оваа услуга не можат се објаснат со спроведените постапки за јавни набавки или со вредноста на склучените договори.*

## *Индекс на рационалност за еднодневен престој на куче во прифатилиште*

| Договорен орган | Цена во денари со ДДВ | Разлика на поединечната цена во однос на просекот |
|---|---|---|
| Општина Свети Николе | 236 | -118,2 % |
| Општина Гостивар | 241 | -113,7 % |
| Општина Штип | 242 | -112,8 % |
| Општина Крива Паланка | 295 | -74,6 % |
| Општина Старо Нагоричане | 295 | -74,6 % |
| Општина Илинден | 295 | -74,6 % |
| Општина Демир Капија | 295 | -74,6 % |
| Општина Дојран | 300 | -71,7 % |
| Општина Росоман | 307 | -67,8 % |
| Општина Куманово | 354 | -45,5 % |
| ЈПКД Комуналец – Гевгелија | 354 | -45,5 % |
| Општина Могила | 367 | -40,3 % |
| Општина Долнени | 413 | -24,7 % |
| Општина Центар Жупа | 452 | -13,9 % |
| Општина Валандово | 454 | -13,4 % |
| Општина Велес | 500 | -3,0 % |
| **ПРОСЕК** | **515** | / |
| Општина Делчево | 590 | 14,6 % |
| Општина Крушево | 940 | 82,5 % |
| Општина Богданци | 1.000 | 94,2 % |
| Општина Демир Хисар | 1.121 | 117,7 % |
| Општина Македонски Брод | 1.770 | 243,7 % |

Во процесот на изработката на овој индекс на рационалност беа земени предвид сите договори склучени во 2022 година каде што беше можно да се обезбеди споредливост на услугата.

Како што може да се види од индексот на рационалност, просечната цена за еднодневен престој на куче во прифатилиште изнесува 515 денари, што е на ниво на пазарната цена. Притоа произлегува дека шеснаесет институции за услугата платиле цени кои се пониски од просечната и се движеле од 236 до 500 денари, а пет – натпросечно високи цени, кои се движеле од 590 до 1.770 денари.

Разликата во цените не може да се објасни со применетите постапки. Имено, сите институции вклучени во изработката на овој индекс спровеле постапки за јавни набавки во согласност со Законот за јавните набавки, односно спровеле т.н. „набавки од мала вредност“, за набавки во вредност пониска од 10.000 евра, и т.н. „поедноставена отворена постапка“, за набавки над 10.000 евра. Описот на услугата секаде е ист. Притоа, од 21 постапка за јавни набавки, во дури 15 била доставена по само една понуда. По две понуди биле доставени само во постапките за јавни набавки спроведени од страна на Општина Гостивар, Општина Могила, Општина Долнени, Општина Центар Жупа, Општина Крушево и Општина Демир Хисар. Притоа, дел од општините кои имале конкуренција во постапките имале потпросечно ниска цена, а дел и натпросечно високи цени. Големите разлики во цените не можат да се оправдаат ниту со вредноста на склучените договори.

## Вредност на договорите

| Договорен орган | Вредност на договорот во денари со вклучен ДДВ | Разлика на поединечната цена во однос на просекот |
|---|---:|---:|
| Општина Свети Николе | 357.000 | -118,2 % |
| Општина Гостивар | 1.416.000 | -113,7 % |
| Општина Штип | 2.950.000 | -112,8 % |
| Општина Крива Паланка | 719.328 | -74,6 % |
| Општина Старо Нагоричане | 70.800 | -74,6 % |
| Општина Илинден | 500.000 | -74,6 % |
| Општина Демир Капија | 236.000 | -74,6 % |
| Општина Дојран | 200.000 | -71,7 % |
| Општина Росоман | 236.000 | -67,8 % |
| Општина Куманово | 1.499.780 | -45,5 % |
| ЈПКД Комуналец – Гевгелија | 590.000 | -45,5 % |
| Општина Могила | 150.922 | -40,3 % |
| Општина Долнени | 295.000 | -24,7 % |
| Општина Центар Жупа | 300.000 | -13,9 % |
| Општина Валандово | 295.000 | -13.4 % |
| Општина Велес | 1.200.000 | -3,0 % |
| Општина Делчево | 590.000 | 14,6 % |
| Општина Крушево | 236.000 | 82,5 % |
| Општина Богданци | 354.000 | 94,2 % |
| Општина Демир Хисар | 400.020 | 117,7 % |
| Општина Македонски Брод | 354.000 | 243,7 % |

Како што може да се види од табеларниот приказ, вредноста на склучениот договор на Општина Свети Николе изнесува 357.000 денари и е за само 3.000 денари повисока од договорот што го склучила Општина Македонски Брод која има највисока поединечна цена за услугата за еднодневен престој на куче во прифатилиште.

# 2.3. Индекс на рационалност за лабораториско испитување на лајшманија

*Услугата за лабораториско испитување за едно куче општините ја плаќале од 530 до 2.124 денари. Соодносот меѓу најниската и највисоката цена со која се склучени договорите за оваа услуга изнесува 1 : 4, што значи дека највисоката цена, која за оваа услуга ја платила Општина Делчево, е за 300 % повисока од цената која ја плаќала Општина Свети Николе. Значајните разлики во цените и за оваа услуга не можат се објаснат со  спроведените постапки за јавни набавки или со вредноста на склучените договори.*

## *Индекс на рационалност за лабораториско испитување на лајшманија*

| Договорен орган | Цена во денари со ДДВ | Разлика на поединечната цена во однос на просекот |
|---|---|---|
| Општина Свети Николе | 530 | -74,5 % |
| Општина Крушево | 565 | -63,7 % |
| Општина Кичево | 590 | -56,8 % |
| Општина Радовиш | 590 | -56,8 % |
| Општина Могила | 647 | -43,0 % |
| Општина Маврово и Ростуше | 688 | -34,4 % |
| Општина Демир Хисар | 701 | -32,0 % |
| Општина Виница | 708 | -30,6 % |
| Општина Гостивар | 805 | -14,9 % |
| Општина Македонски Брод | 826 | -12,0 % |
| Општина Росоман | 826 | -12,0 % |
| Општина Долнени | 826 | -12,0 % |
| Општина Центар Жупа | 848 | -9,1 % |
| **ПРОСЕК** | **925** | / |
| Општина Старо Нагоричане | 944 | +2,1 % |
| Општина Пробиштип | 944 | +2,1 % |
| Општина Крива Паланка | 944 | +2,1 % |
| Општина Куманово | 944 | +2,1 % |
| Општина Чешиново Облешево | 944 | +2,1 % |
| Општина Штип | 968 | +4,6 % |
| Општина Богданци | 1.000 | +8,1 % |
| Општина Илинден | 1.062 | +14,8 % |
| Општина Велес* | 1.100 | +18,9 % |
| Општина Валандово | 1.180 | +27,6 % |
| Општина Дојран | 1.180 | +27,6 % |
| ЈПКД Комуналец – Гевгелија | 1.180 | +27,6 % |
| Општина Демир Капија | 1.298 | +40,3 % |
| Општина Делчево | 2.124 | +129,6 % |

*вклучена е и вакцинација и во платената сума нема ДДВ

Во процесот на изработката на овој индекс на рационалност беа земени предвид сите договори склучени во 2022 година каде што беше можно да се обезбеди споредливост на услугата за лабораториско испитување на лајшманија.

Како што може да се види од индексот на рационалност, просечната цена за лабораториско испитување на лајшманија изнесува 925 денари. Притоа произлегува дека 13 институции за услугата платиле цени кои се пониски од просечната и се движеле од 530 до 848 денари, а 14 платиле натпросечно високи цени, кои се движеле од 944 до 2.124 денари.

Разликата во цените не може да се објасни со применетите постапки. Имено, сите институции вклучени во изработката на овој индекс спровеле постапки за јавни набавки во согласност со Законот за јавните набавки, односно спровеле т.н. „набавки од мала вредност“, за набавки во вредност пониска од 10.000 евра, и т.н. „поедноставена отворена постапка“, за набавки над 10.000 евра. Описот на услугата секаде е ист. Притоа, од 27 постапки за јавни набавки, во дури 17 била доставена по само една понуда. Имено, по две понуди биле доставени само во постапките за јавни набавки спроведени од Општина Кичево, Општина Штип, Општина Гостивар, Општина Могила, Општина Долнени, Општина Центар Жупа, Општина Крушево и Општина Демир Хисар, а по три во Општина Маврово и Ростуше и  Општина Виница. Најниската и највисоката цена се постигнати во постапки со само еден понудувач. Големите разлики во цените не можат да се оправдаат ниту со вредноста на склучените договори.

## Вредност на договорите

| Договорен орган | Вредност на договорот во денари со вклучен ДДВ | Разлика на поединечната цена во однос на просекот |
|---|---:|---:|
| Општина Свети Николе | 357.000 | -74,5 % |
| Општина Крушево | 236.000 | -63,7 % |
| Општина Кичево | 1.416.000 | -56,8 % |
| Општина Радовиш | 450.947 | -56,8 % |
| Општина Могила | 150.922 | -43,0 % |
| Општина Маврово и Ростуше | 472.000 | -34,4 % |
| Општина Демир Хисар | 400.200 | -32,0 % |
| Општина Виница | 177.000 | -30,6 % |
| Општина Гостивар | 1.416.000 | -14,9 % |
| Општина Македонски Брод | 354.000 | -12,0 % |
| Општина Росоман | 236.000 | -12,0 % |
| Општина Долнени | 295.000 | -12,0 % |
| Општина Центар Жупа | 300.000 | -9,1 % |
| Општина Старо Нагоричане | 70.800 | +2,1 % |
| Општина Пробиштип | 500.000 | +2,1 % |
| Општина Крива Паланка | 719.328 | +2,1 % |
| Општина Куманово | 1.499.780 | +2,1 % |
| Општина Чешиново Облешево | 59.000 | +2,1 % |
| Општина Штип | 2.950.000 | +4,6 % |
| Општина Богданци | 354.000 | +8,1 % |
| Општина Илинден | 500.000 | +14,8 % |
| Општина Велес* | 1.200.000 | +18,9 % |
| Општина Валандово | 295.000 | +27,6 % |
| Општина Дојран | 200.000 | +27,6 % |
| ЈПКД Комуналец – Гевгелија | 590.000 | +27,6 % |
| Општина Демир Капија | 236.000 | +40,3 % |
| Општина Делчево | 590.000 | +129,6 % |

*вклучена е и вакцинација и во платената сума нема ДДВ.

## 2.4. Индекс на рационалност за стерилизација (кастрација) на машки кучиња

*Цената која институциите ја плаќале за стерилизација (кастрација) на машки кучиња се движи од 452 до 3.540 денари. Треба да се напомене дека цената од 650 денари за Општина Битола е средна цена од четирите понудени цени за оваа услуга, кои се договорени во зависност од тежината на кучето кое ќе биде третирано. Соодносот на најниската и највисоката цена со која се склучени договорите за оваа услуга изнесува 1 : 7,83, што значи дека највисоката цена, која за оваа услуга ја платиле Општина Илинден и Општина Демир Капија, е за 683 % повисока од цената која ја плаќала Центар Жупа. Најскапата услуга е набавена од еден ист понудувач во постапки во кои учествувал само тој еден понудувач, додека во случајот кога била најевтино набавена имало два понудувачи. Значајните разлики во цените и за оваа услуга не можат се објаснат со видот на спроведените постапки или со вредноста на договорите.*

## *Индекс на рационалност за стерилизација (кастрација) на машки кучиња*

| Договорен орган | Цена во денари со ДДВ | Разлика на поединечната цена во однос на просекот |
|---|---|---|
| Општина Центар Жупа | 452 | -308,8 % |
| Општина Крушево | 470 | -293,2 % |
| Општина Могила | 561 | -229,4 % |
| Општина Битола | 650 | -184,3 % |
| Општина Демир Хисар | 794 | -132,7 % |
| Општина Кичево | 826 | -123,7 % |
| Општина Маврово и Ростуше | 1.063 | -73,8 % |
| Општина Македонски Брод | 1.416 | -30,5 % |
| Општина Долнени | 1.416 | -30,5 % |
| Општина Делчево | 1.770 | -4,4 % |
| **ПРОСЕК** | **1.848** | / |
| Општина Богданци | 2.000 | 8,2 % |
| Општина Дојран | 2.000 | 8,2 % |
| Општина Старо Нагоричане | 2.006 | 8,5 % |
| Општина Валандово | 2.006 | 8,5 % |
| Општина Пробиштип | 2.006 | 8,5 % |
| Општина Свети Николе | 2.006 | 8,5 % |
| Општина Виница | 2.006 | 8,5 % |
| Општина Росоман | 2.006 | 8,5 % |
| Општина Велес | 2.100 | 13,6 % |
| ЈПКД Комуналец – Гевгелија | 2.360 | 27,7 % |
| Општина Крива Паланка | 2.360 | 27,7 % |
| Општина Куманово | 2.360 | 27,7 % |
| Општина Чешиново-Облешево | 2.360 | 27,7 % |
| Општина Гостивар | 2.414 | 30,6 % |
| Општина Штип | 2.419 | 30,9 % |
| Општина Радовиш | 2.832 | 53,2 % |
| Општина Демир Капија | 3.540 | 91,6 % |
| Општина Илинден | 3.540 | 91,6 % |

Во процесот на изработката на овој индекс на рационалност за стерилизација (кастрација) на машки кучиња беа земени предвид сите договори склучени во 2022 година каде што беше можно да се обезбеди споредливост на услугата за стерилизација (кастрација) на машки кучиња.

Како што може да се види од индексот на рационалност, просечната цена за стерилизација (кастрација) на машки кучиња изнесува 1.848 денари. Притоа произлегува дека 10 институции за услугата платиле цени кои се пониски од просечната и се движеле од 452 до 1.770 денари, а 18 платиле натпросечно високи цени, кои се движеле од 2.000 до 3.540 денари. Разликата во цените не може да се објасни со применетите постапки. Имено, сите институции вклучени во изработката на овој индекс спровеле постапки за јавни набавки во согласност со Законот за јавните набавки, односно спровеле т.н. „набавки од мала вредност“, за набавки во вредност пониска од 10.000 евра, и т.н. „поедноставена отворена постапка“, за набавки над 10.000 евра. Описот на услугата секаде е ист. Притоа, од 28 постапки за јавни набавки, во дури 17 била доставена по само една понуда. Имено, по две понуди биле доставени само во постапките за јавни набавки спроведени од Општина Кичево, Општина Штип, Општина Гостивар, Општина Могила, Општина Долнени, Општина Центар Жупа, Општина Крушево, Општина Битола и Општина Демир Хисар, а по три во Општина Маврово и Ростуше и Општина Виница. Во 15 од 17 постапки со само една пристигната понуда, постигнати се натпросечно високи цени.

## Вредност на договорите

| Договорен орган | Вредност на договорот во денари со вклучен ДДВ | Разлика на поединечната цена во однос на просекот |
|---|---|---|
| Општина Центар Жупа | 300.000 | -308,8 % |
| Општина Крушево | 236.000 | -293,2 % |
| Општина Могила | 150.922 | -229,4 % |
| Општина Битола | 400.000 | -184,3 % |
| Општина Демир Хисар | 400.020 | -132,7 % |
| Општина Кичево | 1.416.000 | -123,7 % |
| Општина Маврово и Ростуше | 472.000 | -73,8 % |
| Општина Македонски Брод | 354.000 | -30,5 % |
| Општина Долнени | 295.000 | -30,5 % |
| Општина Делчево | 590.000 | -4,4 % |
| Општина Богданци | 354.000 | 8,2 % |
| Општина Дојран | 200.000 | 8,2 % |
| Општина Старо Нагоричане | 70.800 | 8,5 % |
| Општина Валандово | 295.000 | 8,5 % |
| Општина Пробиштип | 500.000 | 8,5 % |
| Општина Свети Николе | 357.000 | 8,5 % |
| Општина Виница | 177.000 | 8,5 % |
| Општина Росоман | 236.000 | 8,5 % |
| Општина Велес | 1.200.000 | 13,6 % |
| ЈПКД Комуналец – Гевгелија | 590.000 | 27,7 % |
| Општина Крива Паланка | 719.328 | 27,7 % |
| Општина Куманово | 1.499.780 | 27,7 % |
| Општина Чешиново-Облешево | 59.000 | 27,7 % |
| Општина Гостивар | 1.416.000 | 30,6 % |
| Општина Штип | 2.950.000 | 30,9 % |
| Општина Радовиш | 450.947 | 53,2 % |
| Општина Демир Капија | 236.000 | 91,6 % |
| Општина Илинден | 500.000 | 91,6 % |

# 2.5. Индекс на рационалност за стерилизација (овариохистероктомија) на женски кучиња

*Цената која институциите ја плаќале за стерилизација (овариохистероктомија) на женски кучиња се движи од 834 до 5.310 денари. Треба да се напомене дека цената од 834 денари за Општина Битола е средна цена од четирите понудени цени за оваа услуга кои се договорени во зависност од тежината на кучето кое ќе биде третирано. Соодносот на најниската и највисоката цена со која се склучени договорите за оваа услуга изнесува 1 : 6,36, што значи дека највисоката цена која за оваа услуга ја платила Општина Илинден е за 536 % повисока од цената која ја плаќала Општина Битола. Двете институции ја имаат набавено услугата од различни понудувачи. Најскапата услуга е набавена во постапка за јавна набавка во која учествувал еден понудувач, додека во случајот кога била најевтино набавена имало конкуренција од два понудувачи. Значајните разлики во цените и за оваа услуга не можат се објаснат со спроведените постапки за јавни набавки или со вредноста на склучените договори.*

## *Индекс на рационалност за стерилизација (овариохистероктомија) на женски кучиња*

| Договорен орган | Цена во денари со ДДВ | Разлика на поединечната цена во однос на просекот |
|---|---|---|
| Општина Битола | 834 | -206,2 % |
| Општина Могила | 1.028 | -148,4 % |
| Општина Демир Хисар | 1.307 | -95,4 % |
| Општина Крушево | 1.317 | -93,9 % |
| Општина Центар Жупа | 1.583 | -61,3 % |
| Општина Маврово и Ростуше | 1.751 | -45,9 % |
| Општина Кичево | 1.770 | -44,3 % |
| Општина Велес | 2.100 | -21,6 % |
| Општина Македонски Брод | 2.360 | -8,2 % |
| Општина Крива Паланка | 2.360 | -8,2 % |
| Општина Гостивар | 2.414 | -5,8 % |
| **ПРОСЕК** | **2.554** | / |
| Општина Долнени | 2.596 | 1,6 % |
| Општина Пробиштип | 2.800 | 9,6 % |
| Општина Богданци | 2.800 | 9,6 % |
| Општина Дојран | 2.800 | 9,6 % |
| Општина Свети Николе | 2.800 | 9,6 % |
| Општина Старо Нагоричане | 2.832 | 10,9 % |
| Општина Валандово | 2.832 | 10,9 % |
| Општина Виница | 2.832 | 10,9 % |
| Општина Радовиш | 2.832 | 10,9 % |
| Општина Росоман | 2.832 | 10,9 % |
| Општина Штип | 2.903 | 13,7 % |
| Општина Куманово | 2.950 | 15,5 % |
| Општина Чешиново-Облешево | 3.004 | 17,6 % |
| ЈПКД Комуналец - Гевгелија | 3.304 | 29,4 % |
| Општина Демир Капија | 4.720 | 84,8 % |
| Општина Илинден | 5.310 | 107,9 % |

Во процесот на изработката на индексот на рационалност за стерилизација (овариохистероктомија) на женски кучиња беа земени предвид сите договори склучени во 2022 година. Како што може да се забележи од табелата, просечната цена на услугата за стерилизација (овариохистероктомија) на женски кучиња изнесува 2.554 денари. Притоа произлегува дека 11 институции за услугата платиле цени кои се пониски од просечната и се движеле од 834 до 2.414 денари, а 16 платиле натпросечно високи цени, кои се движеле од 2.596 до 5.310 денари. Разликата во цените не може да се објасни со применетите постапки. Имено, сите институции вклучени во изработката на овој индекс спровеле постапки за јавни набавки во согласност Законот за јавните набавки, односно спровеле т.н. „набавки од мала вредност“, за набавки во вредност пониска од 10.000 евра, и т.н. „поедноставена отворена постапка“, за набавки над 10.000 евра. Описот на услугата секаде е ист. Притоа, од 27 постапки за јавни набавки, во дури 16 била доставена по само една понуда. Имено, по две понуди биле доставени само во постапките за јавни набавки спроведени од страна на Општина Кичево, Општина Штип, Општина Гостивар, Општина Могила, Општина Долнени, Општина Центар Жупа, Општина Крушево, Општина Битола и Општина Демир Хисар, а по три во Општина Маврово и Ростуше и Општина Виница. Во 13 од 16 постапки со само една пристигната понуда, постигнати се натпросечно високи цени.

## Вредност на договорите

| Договорен орган | Вредност на договорот во денари со вклучен ДДВ | Разлика на поединечната цена во однос на просекот |
|---|---|---|
| Општина Битола | 400.000 | -206,2 % |
| Општина Могила | 150.922 | -148,4 % |
| Општина Демир Хисар | 400.020 | -95,4 % |
| Општина Крушево | 236.000 | -93,9 % |
| Општина Центар Жупа | 300.000 | -61,3 % |
| Општина Маврово и Ростуше | 472.000 | -45,9 % |
| Општина Кичево | 1.416.000 | -44,3 % |
| Општина Велес | 1.200.000 | -21,6 % |
| Општина Македонски Брод | 354.000 | -8,2 % |
| Општина Крива Паланка | 719.328 | -8,2 % |
| Општина Гостивар | 1.416.000 | -5,8 % |
| Општина Долнени | 295.000 | 1,6 % |
| Општина Пробиштип | 500.000 | 9,6 % |
| Општина Богданци | 354.000 | 9,6 % |
| Општина Дојран | 200.000 | 9,6 % |
| Општина Свети Николе | 357.000 | 9,6 % |
| Општина Старо Нагоричане | 70.800 | 10,9 % |
| Општина Валандово | 295.000 | 10,9 % |
| Општина Виница | 177.000 | 10,9 % |
| Општина Радовиш | 450.947 | 10,9 % |
| Општина Росоман | 236.000 | 10,9 % |
| Општина Штип | 2.950.000 | 13,7 % |
| Општина Куманово | 1.499.780 | 15,5 % |
| Општина Чешиново-Облешево | 59.000 | 17,6 % |
| ЈПКД Комуналец – Гевгелија | 590.000 | 29,4 % |
| Општина Демир Капија | 236.000 | 84,8 % |
| Општина Илинден | 500.000 | 107,9 % |

# ГЕНЕРАЛЕН ЗАКЛУЧОК 3

Вкупната вредност која е предвидена за спроведување на 28-те тендери кои се однесуваат на заловување и стручен третман на кучињата скитници изнесува 16,4 милиони денари, или околу 267 илјади евра.

Бројот на понуди во тендерите во кои се набавени услугите што се однесуваат на заловување и стручен третман на кучињата скитници се движеле од една понуда до три понуди. На 17 од 28-те тендери имало само една понуда, две понуди имало на 9 тендери, а на само два тендери имало по три понуди, што доведува до низок просек од само 1,46 понуди по тендер.

Поради тоа што договорите за јавни набавки не се склучени за однапред договорен број кучиња скитници кои ќе бидат заловени и третирани, висината на цената не може да се доведе во корелација со бројот на кучиња, но може со висината на вредноста на договорите.

Така, Општина Куманово и Општина Штип ги набавиле сите пет услуги кои се предмет на индексот на рационалност по натпросечна цена, иако вредноста на нивните договори е највисока во однос на останатите.

Од друга страна, пак, општините Могила, Дојран и Центар Жупа успеале да обезбедат потпросечни цени, и покрај тоа што нивните договори се меѓу најниските на листата. Општина Битола успеала да обезбеди најниска цена за набавка на четири од петте анализирани услуги.

## *Преглед на цените за услугите што ги платиле вклучените институции*

| **Договорен орган** | **Заловување кучиња, транспорт до прифатилиште или амбуланта и враќање во реонот** | Еднодневен престој на куче во прифатилиште | **Лабораториско испитување на лајшманија** | **Стерилизација (кастрација) на машки кучиња** | **Стерилизација (овариохистероктомија) на женски кучиња** |
|---|---|---|---|---|---|
| Општина Илинден | натпросечна цена | потпросечна цена | натпросечна цена | највисока цена | највисока цена |
| Општина Демир Капија | највисока цена | потпросечна цена | натпросечна цена | највисока цена | натпросечна цена |
| Општина Старо Нагоричане | натпросечна цена | потпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена |
| Општина Валандово | натпросечна цена | потпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена |
| Општина Богданци | потпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена |
| Општина Штип | натпросечна цена | потпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена |
| Општина Делчево | натпросечна цена | натпросечна цена | највисока цена | потпросечна цена | |
| Општина Чешиново-Облешево | | | натпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена |
| Општина Дојран | потпросечна цена | потпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена |
| Општина Пробиштип | | | натпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена |
| ЈПКД Комуналец - Гевгелија | потпросечна цена | потпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена |
| Општина Крива Паланка | натпросечна цена | потпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена | потпросечна цена |
| Општина Куманово | | потпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена |
| Општина Виница | | | потпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена |
| Општина Радовиш | | | потпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Општина Велес | потпросечна цена | потпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена | потпросечна цена |
| Општина Росоман | најниска цена | потпросечна цена | потпросечна цена | натпросечна цена | натпросечна цена |
| Општина Свети Николе | потпросечна цена | најниска цена | најниска цена | натпросечна цена | натпросечна цена |
| Општина Македонски Брод | потпросечна цена | највисока цена | потпросечна цена | потпросечна цена | потпросечна цена |
| Општина Крушево | | натпросечна цена | потпросечна цена | потпросечна цена | потпросечна цена |
| Општина Демир Хисар | | натпросечна цена | потпросечна цена | потпросечна цена | потпросечна цена |
| Општина Долнени | | потпросечна цена | потпросечна цена | потпросечна цена | натпросечна цена |
| Општина Кичево | натпросечна цена | | потпросечна цена | потпросечна цена | потпросечна цена |
| Општина Гостивар | потпросечна цена | потпросечна цена | потпросечна цена | натпросечна цена | потпросечна цена |
| Општина Битола | | | | потпросечна цена | најниска цена |
| Општина Маврово и Ростуше | | | потпросечна цена | потпросечна цена | потпросечна цена |
| Општина Могила | | потпросечна цена | потпросечна цена | потпросечна цена | потпросечна цена |
| Општина Центар Жупа | потпросечна цена | потпросечна цена | потпросечна цена | најниска цена | потпросечна цена |